Врз основа на член 76-ж и член 77 од Закон за Култура ,(Службен весник на Република Македонија бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија 265/24 и 132/25), член 20-г од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија 143/19, 14/20, 208/24), Член 22 и 23 од Законот за работни односи (Службен весник на Република Македонија бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и Член 13 од Статутот на ЈОУ КИЦ Битола, Директорот на

Јавна општинска установа
КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР
бр. 04-236/5
05/11 2026 год.
Битола

ЈОУ КИЦ БИТОЛА
Објавува
ЈАВЕН ОГЛАС бр. 01/2026

За вработување на помошно технички лица на неопределено време за следните работни места:

1. Работно место: Хаус-мајстор
   Шифра на работното место: КУЛ 04 01 Б02 001
   Број на извршители: 1 (еден)

Општи услови

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови

- Средно стручно образование/гимназија

Распоред на работно време

Работни денови: понеделник – петок
Работни часови неделно: 40 часа
Работно време: од 08:00 до 16:00 часот
Нето-плата: 39.553 денари

Согласно Годишниот план за вработување на ЈОУ Културен и информативен центар Битола за 2026 година, предвидено е пополнување на едно работно место – Хаус-мајстор, со 1 (еден) извршител.

Постапката за селекција на кандидатите ќе се спроведе преку проверка на исполнувањето на условите утврдени во јавниот оглас, проверка на доставената документација и спроведување интервју, согласно важечките законски и подзаконски прописи.

Огласот трае 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат

најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македонскиот.
Кандидатите треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар.

- Уверение за државјанство,
- Извод од матична книга на родени,
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Лекарско уверение за општа здравствена способност,
- Диплома за завршено сооедветно образование,
- Историјат од АВРСМ
- Листа од фондот ПИОМ
- Пополнета пријава објавена на веб страната на ЈОУ КИЦ.

Пријавите ќе бидат достапни на официјалната веб-страница на ЈОУ Културен и информативен центар Битола, https://kicbitola.mk/, а ќе можат да се подигнат и во архивата на установата, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

Кон пријавата кандидатите задолжително ги приложуваат потребните докази за исполнување на условите утврдени во јавниот оглас.

Кандидатите се должни, под материјална и кривична одговорност, да потврдат дека податоците наведени во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Пријавите со потребната документација се доставуваат лично или по пошта, на адреса: ЈОУ Културен и информативен центар Битола, ул. „Широк Сокак“ бр. 145, 7000 Битола, со назнака „Пријава по Јавен оглас бр. 01/2026“.

Одлуката за избор ќе биде донесена во рок согласно член 23 од Законот за работни односи (Службен весник на Република Македонија бр. 65/05.....120/18) и (Службен весник на Република Македонија бр.110/19.....111/23).

ЈОУ КИЦ- Битола
Директор
Димитар Михајловски

КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР * Битола *